**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

*Претседател*

Почитувани учесници на Конгресот,

Дозволете во мое лично име и во името на Владата на Република Македонија да ви изразам честитки за упешната организација и одржување на првиот „Светски конгрес на претприемачи" и да изразам задоволство што Македонија ја препознавте како земја која може да биде домаќин на еден ваков собир во 2019 година, на кој претприемачите, бизнис здруженијата и академските заедници од повеќе земји ќе имаат можност да разговараат за претприемачки идеи и да ги споделуваат сопствените искуствени практики.

Со потпишувањето на „Протокол за партнерство и соработка", како Влада на Република Македонија и земја домаќин на наредниот втор „Светски конгрес на претприемачи" кој ќе се одржи во 2019 година, ја потврдуваме нашата определба за воспоставување на партнерски однос и соработка со претприемачите и во оваа насока би сакал да ви посакам добредојде на овој важен регионален бизнис настан.

Воедно, би сакал да го истакнам и моето разбирање дека токму ваквите инцијативи за вмрежување и поврзување на претпремачите на регионално и светско ниво се од заеднички интерес, бидејќи им овозможува на државите да се фокусираат на развојот и искористувањето на своите потенцијали и градење на националниот економски развој како одговор на современите предизвици кои ги поставува глобализацијата и тековите на капитал.

Во оваа смила, уверен сум дека Светскиот конгрес на претприемачи ќе успее да го инспирира бизнис секторот од повеќе земји на меѓусебна соработка за да ги зајакне врските помеѓу економиите во функција на создавање на потенцијал за нови вредности, претприемачка култура, заеднички настап на меѓународни пазари и промовирање на земјите од Централна и Југоисточна Европа како нов инвестициски регион на иднината.

Зоран ЗАЕВ